**Карактеристиките на музичките изразни средства во однос на потекло на текстот во дел од пребогатото хорско творештво на Стефан Гајдов**

Стефан Гајдов е еден од значајните претставници на првата генерација македонски повоени композитори. Во пребогатиот творечки опус на композиторот несомнено доминираат хорските композиции компонирани на народен текст. Покрај нив, значително место заземаат хорските дела инспирирани од уметничката поезија на реномираните македонски поети – Кочо Рацин, Блаже Конески и др. Овие два субжанри на хорската  музика нас не доведуваат до темата на овој труд. Имено, со анализа на следните хорски композиции за мешан хор: „Копачите" на текст на К. Рацин и две композиции инспирирани од народен текст – „Момиче мало ѓаволо" и „Мамо, главата ме боли" ќе се осврнеме на начинот на користење музички изразни средства. Применувајќи го компаративниот метод во текот на анализа на музичките параметри, ќе добиеме податоци за нивното користење во однос на потекло на текстот, како и сличности и разлики во интензитетот или во нивното евентуалното групирање за постигнување одредени драматуршки цели. Особен осврт и даваме на музичката форма, хармонскиот јазик, промените на темпото, динамичките нијансирања и агогиката. Генерална хипотеза на ова истражување е послободна употреба на музичките изразни средства во делата компонирани на уметничкиот текст во однос на делата создадени според народниот текст. По завршена анализа оваа хипотеза ќе се покаже како точна или неточна.